Марија Ивановска

Tamar Mayer, (ed.)
**Gender Ironies of Nationalism: Sexing the Nation,**
Routledge, Taylor & Francis e-Library, 2002.

Општата тема на овој зборник е односот на „родот", „сексуалноста", „полот", од една и „нацијата", „национализмот" и „државата" од друга страна. Приредувачот на зборникот Тамар Мејер, во уводниот текст потсетува на обемната литература која се занимава со овие категории, но истакнува дека меѓусебните релации што ги градат се многу комплексни, така што тие релации имаат различно значење во различни земји, културни средини и на различни континенти. Затоа, книгата е конципирана така што низ интернационални „студии на случај" се нудат нови увиди во претпоставките на „националистичките проекти" кои изгледаат родово неутрални.

Во контекст на разни земји и региони (Ирска, Индонезија, поранешна Југославија, Турција и др.) понудените студии го испитуваат мноштвото проблеми на родовиот и сексуалниот аспект на „националистичкиот проект". Она што е заедничко за сите нив е одредена низа претпоставки кои можеме да ги најдеме во доминантната современа феминистичка литература. Тргнувајќи од една многу општа, па дури и нејасна дефиниција на нацијата и национализмот, тие ја поврзуваат „фиктивноста" на родот со „фиктивноста" на нацијата, следејќи го нивното вплотување во божемната вроденост на родовиот статус, улоги, очекувања и вредности. Да биде збрката поголема, не

Marija Ivanovska

Tamar Mayer, (ed.)
**Gender Ironies of Nationalism: Sexing the Nation,**
Routledge, Taylor & Francis e-Library, 2002.

Tema e përgjithshme e kësaj përmbledhjeje është raporti i "gjinisë", "seksualitetit", "seksit" nga njëra dhe "kombit", "nacionalizmit" dhe "shtetit" nga ana tjetër. Përpiluesi i përmbledhjes Tamar Mejeri, në tekstin hyrës përkujton literaturën e pasur e cila merret me këto kategori, por thekson se relacionet e ndërsjella që i ndërtojnë janë shumë komplekse, kështu që këto relacione kanë domethënie të ndryshme në vende të ndryshme, mjedise kulturore dhe në kontinente të ndryshme. Prandaj libri është koncipuar asisoji që përmes "case studies" internacionale ofrohen gjedhe të reja në supozimet "e projekteve nacionaliste" të cilat duken në aspektin gjinor neutrale.

Në kontekst të vendeve dhe regjioneve të ndryshme (Irlandë, Indonezi, ish Jugosllavi, Turqi etj.) studimet që ofrohen merren me të shumtën e problemeve të aspektit gjinor dhe seksual "të projektit nacionalist". Ajo që është e përbashkët për të gjitha këto është një varg i caktuar supozimesh të cilat mund t'i gjejmë në literaturën dominante bashkëkohore feministe. Duke u nisur nga një definicion shumë i përgjithshëm, e madje edhe i paqartë për kombin dhe nacionalizmin, ata e lidhin "fiktivitetin" e gjinisë me "fiktivitetin" e kombit, duke e ndjekur ndërthurjen e tyre në kinse statusin gjinor të lindur, në role, pritje dhe vlera. Që ngatërresa të jetë më e madhe, nuk është e qartë nëse kritika e karakterit maskulinist e

е јасно дали критиката на маскулинистичкиот карактер на нацијата, националистичката идеологија се спроведува поради отсуството на жената или нејзиниот маргинализиран статус во националните проекти или заради фиктивната, односно конструираната природа на самата нација.

Доколку читаме повнимателно, анализите во текстовите можеме да ги проследиме како испитување на денешниот статус на нацијата, националната држава и националната (етничката) идеологија за родовите прашања во современата држава. Или, во една поширока културна интерпретација, односите помеѓу родот, сексуалноста, полот и нацијата и државата, можеме да ги посматраме како митски конструкции кои имаат одредена улога во животот на луѓето како членови на една заедница или држава. Така, на пример, во текстот на Џули Мостов (Julie Mostov) насловен *Sexing the nation/Desexing the body – Politics of national identity in the former Yugoslavia*, авторката го анализира симболичкото ниво на националното единство, пресликано во родово-сексуалните метафори на родовиот и сексуалниот идентитет. Жените, според неа, не ги извршуваат само репродуктивните функции, туку границите на нивните тела стануваат територијални маркери на етно-нациите; целокупната етно-имажинерија е проткаена со сексуални конотации во оправданијата или реториката на милитантните идеологии.

Во секој случај, оваа книга е убав обид да се разоткрие спектарот и родовиот карактер на националистичките проекти, посебно во земјите каде што градењето нација е политичка агенда.

kombit, ideologjia nacionaliste zbatohet për shkak të mungesës së femrës ose statusit të saj të margjinalizuar në projektet kombëtare ose për shkak të natyrës fiktive, përkatësisht të natyrës së konstruktuar të vetë kombit.

Nëse lexojmë me vemendje më të madhe, analizat në tekste mund t'i ndjekim si hulumtim të statusit të sotëm të kombit, shtetit kombëtar dhe ideologjisë kombëtare (etnike) për çështjet gjinore në shtetin bashkëkohor. Ose, në një interpetim më të gjërë kulturor marrëdhëniet midis gjinisë, seksualitetit, seksit dhe kombit e shtetit, mund t'i vështrojmë si konstruksione mitike që kanë rol të caktuar në jetën e njerëzve si anëtarë të një shoqërie ose shteti. Kështu për shembull në tekstin e Julie Mostovit të titulluar *Sexing the nation/Desexing the body – Politics of national identity in the former Yugoslavia*, autori e analizon nivelin simbolik të bashkimit kombëtar të pikturuar në metaforat gjinore – seksuale në identiten gjinor dhe seksual. Femrat sipas tij nuk i kryejnë vetëm funksionet reproduktive, por kufinjtë e trupave të tyre bëhen markerë territorialë të etno-kombeve; etnoimagjineria e tërësishme është ndërthurur me konotacione seksuale në arsyetimet ose retorikën e ideologjive militante.

Si do që të jetë ky libër është përpjerje e bukur që të zbulohet spektri i karakterit gjinor i projekteve nacionaliste, veçanërisht në vendet ku ndërtimi i kombit është agjendë politike.

Përkthim: Lindita Ahmeti